**20250861887**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за мирно решавање на работните спорови,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2352/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Член 1

Во Законот за мирно решавање на работните спорови („Службен весник на Република Македонија" број 87/2007, 27/14, 102/14 и 30/16), во член 8 во ставот 1 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во став 2 во воведната реченица зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Издавањето и одземањето на лиценци го врши Министерството за економија и труд, на предлог на трипартитна комисија формирана од Економско-социјалниот совет, со претставници од Министерството за економија и труд, од репрезентативните здруженија на работодавачи и од репрезентативните синдикати.“.

Член 2

Во член 10 во ставот 1, во член 11 во ставовите 1 и 2 и во член 12 во ставот 2 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 3

Во членот 13 зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 4

Во член 14 во ставот 2 зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд".

Во ставот 3 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Член 5

Во член 16 во ставовите 1 и 3, во член 17 во ставот 1, во член 19 во ставот 2 и во член 26 во ставот 2 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Член 6

Во член 37 во ставот 1 и во став 2 во точката 5) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Во ставот 3 зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд", а зборовите: „во согласност со министерот за информатичко општество и администрација" се бришат.

Во ставот 4 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Ставот 7 се менува и гласи:

„Против решението издадено од Министерството за економија и труд, подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.".

Во ставовите 9 и 10 зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд".

Член 7

Во член 42 во ставот 2 зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд".

Член 8

Во член 47 став 1 во воведната реченица и во ставовите 2 и 3 зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Член 9

Во член 50 во ставовите 1 и 2 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Член 10

Во член 52 во ставот 1 и во член 52-а став 1 во воведната реченица зборовите: „Министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".